## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Второто продолжение на Сто и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 2002 год.**

Седницата се одржа во салата за седници наСобрнаието на Република Македонија, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и осмата седница на Собранието.

Пратениците Данило Глигоровски, Гулистана Марковска, Кирил Андоновски и Радмила Шеќеринска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продлолжуваме со работа по точката Предлог на декларација за состојбата на дел од северната граница на Република Македонија кон СР Југославија.

Општиот претрес по Предлогот на декларацијата е заклучен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Декларацијата.

Пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов поднесоа амаднмани за менување на точка 1, за бришење на точките 2, 3, 4, 5, 6 и 7, за менување на точка 8, за бришење на точките 9, 10, 11 и за пренумерација на точките 12 и 13, по кои предлагачите не се произнеле. Пратениците Јордан Бошков и Радомир Карангелески поднесоа амандмани на обоснованието на предлогот на нумерацијата и за менување на точката 1, по кој предлагачот не се произнел. Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1 подне-сен од пртениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов

Молам, еден од предлагачите да се произнесе. Има збор господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во неколку збора сакам да објаснам што сакавме со овој амандман, односно како ја замислуваме оваа декларација. Бидејќи точката 1 велиме дека во декла-рацијата треба да стои: Собранието на Република Македонија најостро ги осудува сите обиди за оспорување на утврдените и меѓународни признати граници на Републиката.

Вториот став вели: Собранието на Република Македонија дава до знаење дека Република Македонија решително ќе го брани својот те-риторијален интегритет и суверенитет и тоа ќе го стори непоколебливо со сите свои средства.

Зошто сметаме дека вака треба да стои во членот 1. Затоа што кога донесуваме Декларација за дел од северната граница, а од сите оние дискусии да не повторувам што сме ги имале изминатие денови по Декларацијата и сите оние заклучоци што сум ги спомнал од Комисијата за надворешна политика врска Декларацијата на албанскиот Парламент за границата, па понатаму, разни изјави на генерали кои што беа во изминатите месеци дадени, сметам дека со оваа формулација се опфаќаат сите обиди едноставно или да не се признае спогодбата помеѓу нашите две држави, значи Република Македонија и СР Југославија во однос на границата, или да се обиде да се спречи процесот за демар кацијата и точно утврдување на таа граница.

Сметам дека формулацијата е многу подобра, затоа што ги става сите обиди, значи не само од протекторатот Косово и Собранието кое што нема мандат, односно надлежност за вакви прашања, туку едноставно ги опфаќа сите досегашни, а става до знаење и за сите натамошни обиди да се релативизира оваа спогодба помеѓу двете држави.

Втора точка, велиме дека Собранието на РМ во целост ја поздравува јасната определба, значи ја поздравува, нема потреба да се враќаме наназад како што е во оваа Декларација што е предложена и вели дека ја поздравува јасната определба на Советот за безбедност на Обединетите Нации од 22 мај 2002 година, со која се реафирмира ставот на Обединетите Нации дека договорот за границата меѓу Република Македонија и СР Југославија мора да биде почитуван како и цврстите ставови на Европската Унија, ОБСЕ, НАТО и САД. Со ова сме ги опфатиле и ги поздравивме сите цврсти определби во таа насока дека се осудува Резолуцијата и се

отфрла како таква. Исто така, велиме понатаму, Собранието ја поздравува одлуката на господинот Михаил Штајнер, специјален пратеник на генералниот секретар на Обединетите Нацки за Косово со која не ја прифаќа и ја прави ништавна и непостоечка резолу-цкјата за заштита на територијалниот интегрирет на Косово, во склад со неговите овластувања од Резолуцијата на ОН број 1244.

Сметаме дека со ваква сконцентрирана декларација,која фактички сега ја прочитав, бидејќи е преточена во амандмани, врз основа на она се што сме дискутирале имаме две поповолни работи односно чисти работи. Не се враќаме наназад нешто што е потврдено и повторно да спориме и да проблематизираме, или да дискутираме од едка страна и едноставно, во целата оваа ситуација сите обиди за релативизирање ги ставаме во нашиот став 1 во амандмнот 1.

Мислам дека треба воопшто суетата да се заборави, не е битно кој поднесува текстови, амандмани и така натаму и сметам дека би требало вака концентрирана декалрација да се усвои.

Од тие соображенија ние како пратеничка група на Демократски центар ја поднесовме и сметаме дека вака како што е предложена декла-рацијата, особено со оние контрадикции во однос на осмиот и единаесетиот член не е јасна, не е чиста и не враќа назад.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас би сакал накратко да образложам зошто ќе гласам за овој предлог и за овие амандмани кои што ги поднесе Пратеничката група на Демократскиот центар.

Сакам уште еднаш да нагласам дека текстот на понудената декларација, што ја имаме пред нас на инцијатива од пратениците од СДСМ, ВМРО,Нова Демократија дека го сметам за млитав и дека постфестум е неинтелегентно срочен. Тој е текст кој не изразува јасен став кој ги штити македонските интереси. Тоа е текст, по некое мое лично субјективно видување, кое што повеќе прилега на текст на некое риболовно друштво за заштита на реките од труење на фамозните македонски политички кленови. Затоа, сметам дека треба да го изнесам мојот став, а тоа е дека треба да донесеме многу јасна, цврста и остра декларација која што дури сметам дека може, тоа е мој личен став, значи не на пратеничката група, да биде издигнат и на ниво на резолуција во која недвосмислено, решително ќе го дефинираме ставот на македонската држава дека таа ги поздравува и длабоко ги цени преземениот чин за укинување и поништување на косовската резолуција од страна на господинот Штајнер и сесрдната поддршка на тој чин, дадена од Европската Унија, САД, НАТО и ОН. И воедно, информирање на целата меѓународна заедница и светската јавност дека Република Македонија во името на универзалните највисоки демократски принципи и во согласносто со меѓународните правни норми, решително ќе го брани суверенитетот и територијалниот интегритет на државата и тоа ќе го стори непоколебливо со сите свои средства, дури и по цена на војна.

Значи, тоа е мој личен став дека треба да се има таква цврста резолуција, значи, јас лично мислам дека треба да се подигне и на ниво на резолуција и сметам и предлагам да го повлечеме овој текст, што се наоѓа пред нас од овие пратенички групи, консензуално да седнеме да срочиме нов текст, затоа што прво сакам да напоменам дека дури ние како пратеничка група не бевме ни поканети околу срочувањето на ваква една декларација и мислевме дека ќе можевме да го дадеме својот конструктивен придонес во составување на текстот и сакам да го изразам мојот став дека доколку не се постапи така и доколку не се усвои евентуално нашите амандмани, во однос на таква декларација ќе гласам воздржано, поготово ако не биде исфрлен членот 11 од таа декларација, кои што директно во корист на нашата сопствена штета, затоа што не можам да се согласам проблемот или резолуцијата која што е донесена од Косовскиот Парламент, кој што нема легитимна основа и не може да биде самиот покренат пред меѓународните инстанци и институции, тоа да го направи македонската држава, наместо нив и да даде легитимитет и на косовскиот парламент и на нивните барања, што мислам дека е апсолутен апсурд.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас сакам да кажам, дека не само овој амаднман, туку и сите следни амандмани што доаѓаат од пратеничката група на Демократскиот центар ке гласам против, затоа што амандманите на Пратеничката група на Демократскиот центар се само излив на некои фрустрации и политичка инфериорност во јавниот живот на Република Македонија на нивните членови.

Исто така, морам да кажам дека тоа се некои амандмани од кое што се чита суетата на тотално неуспешните луѓе во повеќе области од секојдневното јавно живеење во Република Македонија на нивните членови. Бидејќи внимателно ги слушав и дискусиите и внимателно ги читав и амандманите, јас неможам да најдам ниту една конструктивна поента во двете работи. Така што, не само за овој амаднман, туку и за следниот ќе гласам против.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Ние расправаме по некаков текст, или за некаков текст на декларација на Резолуција на Косовското Собрание од 23 мај 2002 година Расправата ја доведовме во фаза на амандмани. Јас и мојата пратеничка група, сакам да го искажам ставот дека бараме работата да се прекине, да има пауза, да се обезбеди текстот на резолуцијата на косовското собрание од 23 мај 2002 година. Мислам дека ние како пратеници треба тој текст да го имаме да го разгледаме, согласно Уставот и Деловникот го имаме тоа право, за да можеме понтаму да расправаме за нешто, ние треба да се запознаеме. Ние не сме овде локална самоуправа, па да ни се наметнува. За да можеме да видиме дали овој текст на декларација, овде што ни се нуди, кореспондира со текстот на Резолуцијата на Косовското Собрание.

Барам исто така, да ни се обезбеди одлуката од администраторот Штајнер, за да можеме да видиме како и на кој начин е реагирано во поглед на поништувањето на Косовската резолуција, за да можеме ние како пратеничка група а и останатите пратеници за да можеме да се произнесеме за овој текст на декларацијата ние треба да бидеме запознаени со овие два документа. Затоа барам пауза вие да ги обезбедите, за да можеме понатаму да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира ова барање не го прифаќам и нема да има пауза по ова, затоа што за тоа нема никаква основа. Нам не ни е испратен службено текстот на Резолуцијата од Косовскиот Парламент, не е архивиран во Собранието, јас да ви го испраќам. Според тоа, вие самите се снајдите сите што сакате да го добиете тој текст. На интернет е објавен, а исто така и во печатот.

Според тоа апсолутно барањето не го усвојувам.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Имам право да реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право да реплицирате. Јас знам зашто вие имате право. Ако ве спомнат, а никој вас не ве спомна. Се зборуваше за вашите амандмани.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Директно спомна исфрустрирана нереализирана група и би сакал да му порачам на бившиот хаус мајстор за парно греење од Технометал ако мисли дека во оваа пратеничка група седи нереализирана, исфрустритана група во своите области на делување, дека е во длабока заблуда и мислам дека тоа македонската јавност многу добро може да го процени и да заземе став во однос на нашите размислувања и на нашите барања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да внимавате ве молам сите, на квалификациите и етикетите едни на други заради тоа што тогаш се оддалечувате од темата, се напушта зоната на работната атмосфера овде. Држете се за ова зошто се расправате.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници, јас имам повеќе деловничка забелешка. Едноставно би сакал да знам зошто ние за поднесен амаднман овде во Собранието не слушаме став на предлагачо. Би било упатно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагачот се изјасни. Доволно е господине Бошков. Предла-гачот се изјасни. Го прашавме и тој се изјасни. Ќе добиете збор понатаму.

Има збор господинот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претсеадтеле, почитувани колеги пратеници. Точна е констатацијата на господинот Попов, дека јас како дипломиран машински инжинер работев како хаус мајстор и потоа бев шеф во "Технометал Вардар", но во никој случај не бев носител на наместени навреди. Така што, некој што е носител на наместени навреди и од таму го црпи својот кредибилитет, мислам дека можеме да очекуваме и такви удари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да прекинеме со вакви работи. Дајте да работиме.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас ви благодарам, сепак дарежливо давате збор. Не милувам да добијам одговор за пола секунда. Посебко не, ако сеуште не сум кажал каква е мојата забелешка за процедурата.

Според тоа, ако мислите да се слушаме, тука сум. Ако мислите да ме прекинувате, било тоа да се и колеги, јас не сум тука. Тоа е толку едноставно. Прво, постојат предлагачи на декларацијата.

Второ, не е напишано кој е тука во Собранието, во нивно име кој настапува. Во писмена форма не е набележано. Вие можеби сте прашале еден од нив, но нам не ни е известено. Не ни е извесно кој е овластен предлагач, или кој овластено говори во име на предлагачите пред Собранието. Јас слушнав некакво говорење, да не кажам мене тоа ми личеше на мрморење, не е ни битно, но не го чув ставот на предлагачите на оваа декларација. Дополнително, а поразно е Собранието на Република Македонија, не е тоа некој собир на приватни лица.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**(продолжение)

Поразно е да има документ во процедура, а Владата да не се изјасни по тој документ, веќе цела недела, а и натаму тука да нема никаков претставник на Владата, а вие мене ќе ми ставате забелешки сум слушал, или сум бил глув или сум спиел. Ве молам, другпат упаѓање во мој збор за пола секунда не трпам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашите трпенија се ваш проблем, проблем на секого а јас ја водам седницата само по деловникот, ако треба и за десет секунди ќе ви упаднам кога сум во право. Немојте да се вадите налутени. Тоа не помага. ќе се држите за деловникот и ништо натаму.

Втроро, имаме четворица предлагачи. Еден од нив ако рече дека не го прифаќа амандманот, готово е. Другите можат само да кажат дека бараат консултации. Меѓутоа, дали тој ќе прифати консултации сеедно е Еден ако каже дека не го прифаќа амандманот, не го прифаќа. Се останува на тој предлог. Според тоа нема никаков спор од деловнички аспкет

Трето, претседателот на Владата ја поддржа декларацијата а тој ја претставува Владата, тоа што тој ќе го каже. Немојте да измислувате причини. Седете овде и работете.

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во ред е, нема да измислувам јас причини, ниту пак мислам понатаму да се убедуваме. Не е битно тоа што ќе изостане пишан документ од Владата за оваа декларација, исто како што впрочем нема ни пишан документ од македонската Влада за атентатот врз претседателот на Републиката Киро Глигоров. Но, тоа е тоа што ќе биде во историските анали.

Јас, амандманот на пратениците од пратеничката група на Демократски центар го разбирам во првиот дел. Во вториот дел каде што се бара бришење скоро на комплетниот нацрт, мислам дека тука острината е јака и ќе биде добро доколку се најде некаква мерка, навистина да имаме израз на форма и јака декларација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Претседателе, се надевам дека нема да го прекршам Деловникот ако уште еднаш јасно и гласно кажам, во името на четворицата предлагачи на предлог декларацијата, тие мене ме овластија јас да давам одговори по повод поднесените амандмани. Јас тоа го правам и во свое име и во нивно име.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да утврдиме дали имаме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници,

за гласале 6 пратеници, воздржани 17 и против гласале 40 пра-теници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на точките 2, 3,4, 5, 6 и 7 поднесен од пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов.

Молам еден од предлагачите да се изјасни.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеници.

За гласале 6 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници и против гласале 33 пратеници.

Во салата имаме присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 8 поднесен од пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници,

За гласале 8 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници и против гласале 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на точките 9, 10 и 11 поднесен од пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов.

Молам, еден од предлагачите да ое произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници,

За гласале 8 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници и против гласале 43 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за пренумерација на точките 12 и 1 поднесен од пратениците Саво Климовски, Радомир Карангелески и Стојан Попов.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници,

За гласале 6 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници и против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмакот на овоснованието на Предлогот на декларацијата поднесен од пратениците Јордан Бошков и Владимир Карангелески.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Независно каков е ставот на предлагачите, со оглед на тоа што веќе слушнавме дека колегите имале можност од медиите и од интернет да ја видат декларацијата на Собранието која има седиште во приштина јас сметам дека ние немаме основ во обоснованието на наш документ да ставаме таков документ кој постои на интернет, а ние лично не сме го виделе на нашиот јазик кој е службен во Република Македонија. А вие колеги гласајте како што ви е мило.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?.(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници.

За гласале 7 пратекици, воздржано гласале 9 и против гласале 46 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 1, поднесен од

пратениците Јордан Бошков и Радомир Карангелески.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Декларацијата што Собранието има намера да ја донесе без освет лување на почетокот на тие настани, без вградување на своето знаење за генезата, сепак, е слаб документ.

Врз Република Македонија сторено е атака, не би кажал директно агресија со декларацијата на Собранието на Република Албанија од 9 мај 2001 година. Тоа беше период кога ние овде како претставнички дом сеуште се надевавме или бевме залулкани во тоа дека не ќе дојде во Македонија до страшни пукања, до големи потреси, силината на структурит кои бдеат над мирот е доволна гаранција, далеку било дека луѓето ќе патат за вода, за својот дом, за топлина. Но, еве видовме што се се случи, а таа декларација на Собранието на Република Албанија, има ако не идентична тогаш многу слична формулација како и резолуцијата на Собранието со седиште во приштина а ние еве не ни сакаме да се осврнеме околу тој документ. Затоа, е упатно во декларацијата на Собранието на Република Македонија да биде изрично набележано какви се тие документи кои продуцираат војна или слични расплети во регионот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор, г-динот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Без оглед што г-динот Бошков објасни зошто го поднесовме овој амандман, не можам а да не кажам две три реченици во однос на феноменот, или некој не сака да чита текст на амандмани што се предлагаат, или тогаш, би рекол, ако го прочитал не му доаѓа до свеста. Не ми е јасно како може еден ваков амандман да не се узсвои од следните причини.

Ние донесуваме декларација за резолуција од Собранието на про текторат Косово, а имаме декларација од Република Албанија која во една реченица вели дека спогодбата односно договорот за протегање и опис на границата меѓу СР Југославија и Република Македонија е неспр ведлив и никој од пратениците нема ни толку малку свест да го дополниме, кога веќе еднаш се занимаваме со проблемите на северната граница, со декларација на еден парламент од Албанија, соседна држава со таква ригидна реченица и ние воопшто не можеме да се замислиме, да ставиме прст на чело дека тоа треба да се додаде и во оваа декларација. Ништо друго не можам да помислам, или дека овие пратеници не ги читаат овие текстови, не ги интересира содржината и суштината на проблемот, или едноставно дека нема свест за тоа да се распознае.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Горѓи Тодоров.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Овој предлог амандман поставен од колегите Јордан Бошков и Радомир Карангелески, го поддржувам и се согласувам со нивните излагања, не сакам да се повторувам.

На 9 март 2001 година од Р. Албанија, имавме носење на декларација за непризнавање на договорот кој е склучен за разграничување и омегување на границата меѓу Р Македонија и СР Југославија. Ние како парламент не реагиравме и сега мислам дека е прав момент и прав ситуација да се вметне еден ваков амакдман со кој ќе се осуди една

таква декларација донесена од страна на Република Албанија која се меша во внатрешните работи или во билатералните односи на две суверени држави. Мислам дека со прифаќањето на овој амандман го исполнуваме и тоа наше право да укажуваме на меѓународната заедница дека отфрламе една таква декларација донесена од страна на Република Албанија.

Не сакам повеќе ништо да кажам, се е кажано и да не се повторувам. Ние како пратеничка група мислам дека ќе го поддржиме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претересот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, за гласале 13 пратеници, воздржано 20 и против гласале 34 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Збор бара г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, јас би замолил доколку може да при-чекаме

десетина минути, имаме поднесено уште еден амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имавте можност да поднесувате амандмани.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Не е само до нас, мислам дека и службите работат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, давам пауза од десет минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(по паузата седницата продолжи во 14,00 часот)

Во меѓувреме пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев, Павле Тодоровски и Никола Јованов, поднесоа амандмани на образложението на називот на предлогот на Декларацијата за бришење на точката 3, 5, 6 и 11 и за менување на точка 2, по која предлагачите на се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на образложението поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев, Павле Тодоровски и Никола Јованов.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Овој амандман е идентичен со тој што го имавме предложен од мене и колегата Карангелески, и навистина упатно е да биде тој дел во образложението видоизменет.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Мислам сосема е јасно дека текстот не кореспондира со фактичката состојба и токму поради тоа предлагаме да се избрише овој дел од текстот на образложението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Бидејќи го заклучивме претресот по амандманот, амандманот на образложението поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев, Павле Тодоровски и Никола Јованов, го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаа вкупно 64 пратеници, за гласаа 9 пратеници, воздржано гласале 22 пратеници, против гласале 33 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на називот на предлогот на Декларацијата, поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев, Павле Тодоровски и Никола Јованов.

Молам еден од претдлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Со оглед дека називот на Декларацијата гласи: Декларација за состојбите на дел од северната граница на Република Македонија кон СР Југославија. Предлогот на амандманот е сосема јасен дека станува збор за граница, а не за делови од граница. И предлагаме "дел од северната" зборовите да се избришат. И така би добиле текст од Декларација за состојбите на границата на РМ, кон СР Југославија. Предлогот е границата да се гледа во целост кон СРЈ.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Добро, ова во случај вака да мине ќе има потреба од интервенција и кај зборот "граница". Имено, членот на тој збор определеноста е изгубена. Затоа ќе беше подобро амандманот да гласи: дел од северната граница се заменува, не се брише, туку се заменувасо "границата".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 21 пратеник, против гласале 37 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот за менување на точка 2, поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев, Павле Тодоровски и Никола Јованов.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Со менувањето на точката 2 јасно покажуваме дека текстот е следниот: Собранието на РМ, става до знаење дека најенергично и неотповикливо со сите расположиви сили на РМ ќе го брани својот суверенитет и територијален интегритет. Декларацијата мислам дека сосема е јасно, не треба да стои текстот кој што ние предлагаме е децидно да ги кажеме и нашите пораки, а не само да констатираме состојби кои што се наведени во текстот на предложената Декларација.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Овој амандман ми даде причина да размислам за еден ваков амандман. Меѓутоа, предметот вака како што е поставен амандман тоа е предмет на уставните обврски на сите тие сили на РМ. Сметам дека во Декларацијата она што го кажува Уставот на РМ, не треба да стои, тоа се подразбира. Затоа сметам дека со некоја форма можеби требаше да ја нагласиме обврската на внимание на Владата кон овој проблем, меѓутоа со она што ја обврзува Уставот и на што е должна таа со Уставот, мислам дека нема да успееме. Затоа сметам дека технички не е добар амандманот во тој смисол. Затоа нема да го поддржам и затоа проговорив некој збор за него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, сакам само да се надоврзам и на амандманот и на мојот колега ова што го искажа, бидејќи во Уставот е кажано дека должност и обврска е да се брани својата Татковина. Не е проблемот во недореченоста. Проблемот е во врховниот командат и во нашите генерали. Тие треба да се менуваат. Ако има таков амандман дека тие треба да се земат на одговорност, или да се променат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема таков амандман.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Бидејќи нема таков амандман, нема да гласам за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници, за гласале 10 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот за бришење на точките 3, 5, 6 и 11, поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев, Павле Тодоровски и Никола Јованов.

Молам еден од предлагачите да се произнесе.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по такстот на предлогот на Декларацијата.

Молам кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, со оглед на тоа што еве го третиот ден од дебатирањето Собранието ја завршува расправата за Декларацијата. Јас би сакал, повторно ќе бидам краток како и во текот на дебатата да кажам некои свои гледишта за овој текст кој сега дефинитивно стои пред нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама не можеме за текстот така да дискутираме. Само дали има некоја контрадикторност и со усвоените амандмани, ништо друго, ако има амандмани. Сега е тоа. Инаку за текстот со амандмани се интервенира.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас мислам дека сега го претресуваме текстот на Декларацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е процедурално право да се осврнеме на текстот да случајно при донесувањето на амандманите не сме направиле некоја спротивност.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дозволете г. претседател, овој пат колку мене ми е познато ако солидно следам тоа што се случува тука околу мене, не е усвоен ни еден амандман. Според тоа, не треба ни да отворите можност да се расправа за текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако има некоја противречност во текстот, ништо друго. За текстот воопшто дискутираме два пати, еднаш во начело, а потоа дискутираме по текстот со амандмани. Ако имате таква интервенција.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можете да кажете како ќе гласате, но тоа е потоа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Како ќе гласам, можам и после да барам збор. А за тоа каков текст имаме пред нас и дека тоа ќе биде еден документ на оваа држава, тоа на сите ни е јасно и сметам дека и недоследности кои се вткаени во самиот предлог не успеавме да ги разбистриме, а уште помалку да ги отстраниме. И сега нема да навлегувам околу тоа. После кога ќе биде можноста пред гласање да се користат пегге минути како на тие што се осудени на смрт, во ред е, тогаш можеме да бараме.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на Декларацијата го ставам на гласање.

Господинот Бошков сака да каже како ќе гласа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Бидејќи таа школа ја учиме, сега дојдоа тие пет минути и аман заман тоа е, ќе може да се каже нешто. Оваа Декларација беше нужна да се донесе и порано и поопширно, беше нужна за да се искаже став на законодавецот во РМ, за тоа какви премрежија престојат, што се случува тука, а исто што ќе биде, или која ќе биде нашата перцепција. За мене Декларацијата е под минимумот на државните потреби на РМ и сметам дека упатно ќе биде, но донесувајќи ја нејзе сега за што и јас ќе гласам, да следат и уште неколку други декларации. Едноставно да се покаже капацитет и на размислувања и на грижа за државата. Оваа Декларација сама по себе е недоволна и веројатно ако не биде проследена со други документи на преставничкиот дом ќе дојде до гаснење на нашата држава Република Македонија.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Почитуван г. претседателе, колеги пратеници,

Сакам да го искажам ставот за гласање по однос на предложената Декларација во име на пратеничката група на Нова Демократија. Но, на самиот почеток условите за свикување на итната седница се многу разбирливи, но оваа седница има карактер на редовна седница со оглед на пролонгирањето на нејзиното одржување. Со тоа сакам да кажам дека во време на потпишувањето на предложената декларација претставниците, односно предлачите имаа сосема право да го потпишат предложениот текст, но само 24 часа подоцна од тоа се изменија условите и текстот на Декларацијата според Нова Демократија требаше да претрпи измени. Имено, измените за кои сметавме дека треба да ги претрпи овој текст предложен во Декларацијата ги поднесовме во форма на амандмани. Со оглед дека сега повеќе не постои резолуција на локалната самоуправа на Косово и Метохија, туку останува само да лебди во воздухот една политичка порака која што ни е испратена. Го разбирам залагањето на сите пратеници во дискусиите да се донесе документ во Собранието на РМ, како единствено надлежно за границите на Република Македонија. Тој документ е осмислен во форма на Декларација која што ни е предложена. Но, текстот на Декларацијата сега го губи тоа дејство, дискусиите веќе го изгубија своето дејство и тие беа деплаширани и со оглед на неприфаќањето на овие амандмани кои што беа суштински со кои што сакавме да поправиме од материјално-правен карактер и утврдување попрецизно на фактичката состојба во овој документ кој ќе произлезе од Собранието на Република Македонија. Но, исто така земајќи го предвид дека е неминовно Собранието како единствена надлежна институција да донесе некој документ, Нова Демократија сметајќи и на овие недостатоци и аномалии кои ги воочив, сепак ќе ја поддржи Декларацијата само од причини дека документ треба да произлезе како одговор на политичката порака испратена од локалната самоуправа Косово и Метохија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, ве молам да гласаме по Декларацијата.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 67 пратеници, воздржано не гласал никој, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за состојбите на дел од Северната граница на РМ, кон СР Југославија.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Веројатно се работи за проблем околу техниката. Кај некои луѓе зеленото и црвеното копче значи гласам за Декларацијата. Се работи за промена само на копчињата кои се за, или против. Истото се случува и кај г. Данило Глигоровски. Значи да се корегира гласањето. Гласам за Декларацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи она 1 против е поради грешка.

Констатирам дека Декларацијата е едногласно усвоена.

Значи 68 пратеници гласаа за.

Бидејќи дневниот ред е исцрепен, ја заклучувам 108-та седница на Собранието на Република Македонија.

По 107-та седница ќе продолжиме во 16,00 часот.

(Седницата заврши во 14,20 часот.)